20262594614

ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 8 од Законот за студентскиот стандард („Службен весник на Република Македонија“ бр.15/13, 120/13, 41/14, 146/15, 30/16, 178/16, 64/18 и 20/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 124/19, 248/20, 302/20, 235/24 и 111/26) и член 40 став 1 од Законот за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2026 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.253/25), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 3 ноември 2026 година, донесе

ПРОГРАМА ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ОСТВАРУВАЊЕ И РАЗВОЈ НА ДЕЈНОСТА ВО СТУДЕНТСКИОТ СТАНДАРД ЗА 2026 ГОДИНА

I. Во Програмата за остварување и развој на дејноста во студентскиот стандард за 2026 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.7/26, 116/26 и 188/26), во дел I. по ставот 8 се додава нов став 9, кој гласи:

„Со оваа програма опфатени се и следните видови на стипендии за студенти кои за првпат ќе се пријават за студентска стипендија во академската 2026/2027 година:

1. Прва група стипендии за студенти од социјалните категории и студенти со попреченост и ретки болести, запишани како редовни студенти на високообразовните установи во Република Северна Македонија, со месечна стипендија од 6.050,00 денари за девет месеци во годината;

2. Втора група стипендии за студенти запишани како редовни студенти на високообразовните установи во Република Северна Македонија на студиски програми кои се од стратешки интерес за државата, со месечна стипендија од 18.000,00 денари за девет месеци во годината;

3. Трета група стипендии за студенти кои се запишани како редовни студенти на високообразовните установи во Република Северна Македонија и кои постигнале особен успех во учењето, со месечна стипендија од 6.050,00 денари за девет месеци во годината.“

II. Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Претседател на комисија и
заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
Љупчо Димовски, с.р.

Бр. 57-8057/6
3 ноември 2026 година
Скопје